РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Бр. 29-2379/15
14.07 2022 год.
КРИВА ПАЛАНКА

Врз основа на член 62 и член 10 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ" бр.32/20) и член 23 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на општината Крива Паланка" бр.08/2010, 08/14, 02/18 и 03/19 градоначалникот на Општина Крива Паланка го дава следното

## СООПШТЕНИЕ

**За организирање на јавен увид на изработен Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на инфраструктурни објекти со класа на намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани кои се градат на земјиште - помали од 10MW на КП3563, 3564, 3565 и дел од КП3562 КО Градец, Општина Крива Паланка**

Изработката на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на инфраструктурни објекти со класа на намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани кои се градат на земјиште - помали од 10MW на КП3563, 3564, 3565 и дел од КП3562 КО Градец, Општина Крива Паланка ќе се одвива во рамките на следниот опфат:

Проектниот опфат кој е предмет на уредување со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за изградба на инфраструктурни објекти со класа на намена Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани, кои се градат на земјиште - помали од 10 MW, на КП бр. 3563, 3564, 3565 и дел од КП бр.3562 - КО Градец, Општина Крива Паланка, **е со површина од 12044.19м$^2$ (1.204ха)** и претставува земјиште кое ќе се уреди и на кое ќе се изгради фотоволтаична електрана, со моќност помала од 10 MW. На проектниот опфат ќе се формира градежна парцела со номенклатура-ГП.01, на која со градежни линии се утврдува простор во кој е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби, односно ќе се постават повеќе монтажни и полумонтажни објекти, кои се составен дел на централата.

Проектна документација се изработува по прифатен иницијатива за изработка на урбанистичка документација од страна на Комисијата за урбанизам на Општина Крива Паланка.

Јавниот увид на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за изградба на инфраструктурни објекти со класа на намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани, кои се градат на земјиште - помали од 10 MW, на КП бр. 3563, 3564, 3565 и дел од КП бр.3562 - КО Градец, Општина Крива Паланка ќе се спроведе со објава на урбанистичкиот проект на официјана службена веб страна на Општина Крива Паланка : **www.krivapalanka.gov.mk**

**Јавната анкета ќе трае 15 дена од денот на објавувањето на Соопштението, започнувајќи од 14.07.2022 година заклучно до 28.07.2022 година.**

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.
Пристигнатите забелешки ги разгледува Комисијата за урбанизам во Општина Крива Паланка која составува записник со образложение за прифаќање и неприфаќање на забелешките, што се објавува на службена веб страна и му се испраќа на изработувашот на урабанистичкиот проект за да ги вгради во планско-проектната документација.

Изготвил:
диа Иван Велиновски

Одобрил:
Раководител,
диа Маја Костадиновска

Општина Крива Паланка
Градоначалник
Сашко Митовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА